**ЈАНГЕЛОВСКА, Јована**[1]

**УДК: 343.9.024:336.7(497-15)**
**343.9.024:336.7(497.7)**

## ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

**Апстракт**

Перење пари претставува криминална активност, чија основна цел е да се прикрие вистинското потекло на парите и да им се даде легалитет, односно процес преку кој сите нелегално стекнати средства се трансформираат, транспортираат, конвертираат или трансферираат, со една единствена цел – прикривање на нивното вистинско потекло, сопственост или движење.

Кај најстарите пишувани извори се споменува терминот crimen, што значи злостор, злочин, престап, а под кој се подразбира однесување на поединецот кое што е спротивно на општо прифатените стандарди, односно спротивно на интересите на општеството, поради што секогаш се реагирало со репресивни мерки. Перењето пари и организираниот криминал воопшто се навистина сложена и комплексна тематика која мора навреме да биде откриена со цел да се спречат идните негативни последици кое би можеле да настанат.

***Клучни зборови**: организиран криминал, перење пари, откривање техники, картели.*

**JANGELOVSKA Jovana**[2]

**UDK: 343.9.024:336.7(497-15)**
**343.9.024:336.7(497.7)**

## ORGANIZED CRIME IN THE WESTERN BALKAN COUNTRIES WITH SPECIAL REFERENCE TO MONEY LAUNDERING

**Abstract**: Money laundering is a criminal activity, the main purpose of which is to conceal the true origin of the money and give it legality, i.e. a process through which all illegally acquired funds are transformed, transported, converted or transferred, with a single purpose - concealing their true purpose. origin, ownership or movement.

In the oldest written sources, the term crimen is mentioned, which means a crime, a crime, a transgression, and under which is understood the behavior of an individual that is contrary to the generally accepted standards, i.e. contrary to the interests of society, which is why it was always reacted with repressive measures. Money laundering and organized crime in general are really complex and complex topics that must be detected in time in order to prevent future negative consequences that could arise.

***Keywords**:* organized crime, money laundering, detection of techniques, cartels

### Вовед

Криминалот**,** како негативна општествена појава претставува множество на активности, на едно лице или на група луѓе, во одреден временски период, кои се во спротивност со правните прописи и норми на однесување, а чие непочитување и

[1]Јована Јангеловска е студент на втор циклус на Правни студии на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија. Email jovanajangelovska5@gmail.com
[2] Jovana Jangelovska Manuela Beliceva is an MA student in Legal studies at the Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia. Email jovanajangelovska5@gmail.com

кршење повлекува соодветна кривична санкција, чиј вид и висина зависат од степенот на општествена одговорност.

Перењето пари е еден од облиците на организираниот криминал кој од година во година зема се поголем замав. Доста голема е бројката и на малолетници кои посегнуваат во вршење на ова кривично дело. Останати облици се: трговија со луѓе, трговија со дрога, криумчарење на мигранти и трговија со оружје.

Причината поради која овие криминални групи тешко можат да се откријат од страна на органите на прогон е затоа што се многу вешти и при секое ново вршење на кривично дело тие изнаоѓаат нов начин и нови методи со цел да не бидат откриени. Развојот на технологијата и напредниот свет во кој живееме уште повеќе им ја олеснуваат работата на криминалците, но од друга страна ја забавуваат работата на органите кои со секој неоткриен метод на вршење на кривично дело се чекор назад за да ги откријат и фатат.

**Историја на перење пари во Западен Балкан**

Историјата на перење пари во Западен Балкан следена неколку децении наназад е драматично поврзана со политичките, економските и социјалните промени кои се случувале во регионот. Еволуцијата на перењето пари во оваа област често е поврзана со појавата на организираниот криминал, корупцијата, нестабилната политичка ситуација и слабоста на правните и регулативните системи.

Првите случаи на перење на пари на Западен Балкан се поврзани со активности на организиран криминал, како што се тргување со дрога, контрабандите, оружјето и слично. Преку перењето на пари, криминалните групи се обидуваат да ги легализираат нелегално стекнатите средства и да ги интегрираат во легалниот економски систем. (Николовски, 2011) Во многу случаи, корумпирани државни службеници и институции се вклучени во овие активности.

Во текот на 1990-тите и почетокот на 2000-тите години, за време на распадот на бившата Југославија и конфликтите во регионот, е забележана зголемена активност на перење на пари. (Тоневски, 2016). Во текот на овој период, настанува нерегулиран и неконтролиран пресврт, што го олеснува перењето на пари и неговото поврзување со финансирањето на тероризмот и останатите нелегални активности. Со одминувањето на времето, меѓународните организации и државите во регионот почнаа да заземаат поголем интерес кон борбата против перењето на пари и корупцијата. Воведени се повеќе закони и мерки за засилување на контролата и префрлање на парите од нелегални во легални активности.

**Поим перење пари**

Парите претставуваат основно средство при размена на производите, одмерување на вредноста на некое добро или пак, се користат за пренос на куповната моќ од сегашноста во иднината.

Парите како поим постоеле, постојат и ќе постојат се додека постои и светот и покрај тоа што нив можеме да ги сретнеме во повеќе форми, тргнувајќи од металите како пари, потоа кованите пари, хартиените пари, монети и банкноти, па се до жиралните и електронските пари. Но, овде акцентот ќе биде ставен на перењето пари, како еден од облиците на организираниот криминал.

Постојат бројни дефиниции од разни организации, тела или поединци кои се обидуваат да доловат што всушност претставува овој поим. Па така, според Кривичниот законик на РСМ под поимот перење пари се подразбира: „пуштање во оптег или промет,

примање, преземање, заменување или раситнување пари од поголема вредност што се добиени со казниво дело или за кои се знае дека се прибавени со казниво дело“[3] .

Понатаму, перењето на пари ФАТФ го дефинира како: „процес преку кој добивките за кои основано се верува дека потекнуваат од криминална активност се транспортираат, трансферираат, претвораат или се вградуваат во легални фондови, со цел да се прикрие нивното потекло, изворот или сопственоста“.[4]

Осврнувајќи се на домашната сцена, односно на национално ниво, ќе согледаме дека и нашите професори и истакнати правници даваат слични дефиниции во однос на поимот перење пари. Па така, академик проф. д-р Владо Камбовски перењето пари го дефинира: „извршување на кривични дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит и/или постигнување на моќ, со употреба на насилство или со користење на посебна положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економии, политики и други активности, како и однапред направен систем на заштита од гонење“ (Камбовски, 1996).

Карактеристично да се наспомене е дека основната цел на перењето пари е генерирање профит, кој што понатаму може да се искористи за најразлични нелегални активности. Криминалците настојуваат по пат на перење пари да го прикријат вистинското потекло на своите средства. Недозволената трговија со дрога, оружје, бело робје и слично може да генерира огромни суми на пари, додека пак, во поново време и киберкриминалот доведува до остварување на големи профити кои што понатаму се легализираат преку перењето пари.

**Создавање на жариште**

При истражувањето за создавање на жаришта од страна на организираните криминални групи, акцентот секогаш се става на местото каде се врши криминалот, а не на луѓето или пазарите. Затоа, основната цел е да се стави фокусот на факторите кои предизвикуваат овие локации да бидат ранливи и привлечни за вршителите на организираниот криминал, тешко да бидат откриени од органите на прогон, понатаму оценување на внатрешната динамика и актерите кои се вклучени, воочување и пронаоѓање на мапа на точки кои се најпрометни помеѓу учесниците за полесно откривање и на крај да се добие јасен и недвосмислен преглед за географијата на криминалот во регионот.[5]

**Карактеристики за формирање на жариште и отпочнување на процесот на перење пари**

Глобална Иницијатива против транснационален организиран криминал има направено истражување во однос на создавањето на жариште и отпочнување на процесот на перење пари. И има согледано дека за создавање на жариштата, учесниците во процесот на создавање секогаш внимаваат на неколку главни карактеристики[6], за полесно и побезбедно да ја остварат својата цел. Во продолжение се неколку од битните карактеристики кои ги издвојуваат:

Првата битна карактеристика од која што започнува создавањето на едно жариште е местоположбата. Сите земји кои се дел од Западен Балкан се во исто време и држави низ кои може да се прави и влез и излез. Тоа значи дека таму поминуваат главните автопатишта, има аеродроми, пристаништа и гранични премини. Тоа е и

---

[3] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023)

[4] Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите, Службен весник РМ, бр.46/2004 (2010)

[5] Види повеќе во, Жаришта на организиран криминал во Западен Балкан, Мај 2019, стр.7

[6] Преземено од https://globalinitiative.net/, Мај 2019, стр. 8

причината за високата темна бројка на организиран криминал таму во облик на перење пари.

Како **втора карактеристика** или фактор се јавува економската ранливост. Во минатото, голем дел државите за време на комунизмот се соочиле со економска неправда и енормен пад на економијата. И после многу години ситуацијата во земјите од Западен Балкан не се подобрува, а тоа се гледа преку големата стапка на невработеност, намалување на стапката на наталитет, повисок процент на старо население и чести миграции од државите, но исто така и соочување на населението со депресии и самоубиства.

**Трета карактеристика** е лошото владеење. Причината за лошото владеење, која и од денешна гледна точка не е поразлична е поврзаноста на владејачката политичка партија со одредена криминална група. Во тој случај „не постои можност“ за откривање на сторителите на кривични дела, парите кои се земаат од нелегални активности многу лесно се трансферираат во легални бизниси од кои корист имаат и вршителите на кривичното дело и они кои им помагаат, а во конкретниот случај тоа се они кои се на власт. Поради тоа, последиците се очигледни, страда целото население.

Затоа може да кажеме дека постои тесна поврзаност помеѓу првата и втората карактеристика, односно местото на вршењето на перење пари и економската ранливост.

Кога ќе бидат исполнети сите три карактеристики се создава жариште кое игра голема улога во однос на успешно извршување на едно кривично дело.

**Техники на перење пари**

Според различните извештаи подготвени од страна на Европската комисија, неформалната економија во Западен Балкан опфаќа помеѓу 25 % и 33 % од БДП. Најчесто, овој вид на економија се врши преку неформални трансакции, кои вклучуваат готовинско плаќање, но има случаеви кога се врши и преку неформалните механизми на трансфер. (Кемп, 2021)

Еден од најкористените од ваков вид, претставува системот „Хавала“, кој подетално е објаснет во продолжение. Но, и покрај тоа, готовинското плаќање е застапено во поголем процент, што може да се забележи и од податоците во табела, изготвени од страна на Европската комисија во мај 2019 година. (Кемп, 2021)

**Систем „Хавала“**

Системот „Хавала“ спаѓа во групата на неформални системи за трансфер на пари, но истиот не вклучува физички трансфер на готовина. Како и значењето на самиот збор ХАВАЛА[7], така и традиционалните мрежи на овој систем се засноваат на доверба и углед, односно не можат да опстојуваат во области каде нема добар банкарски систем.[8]

Интересно е тоа што, иако неговото потекло лежи во арапските заедници, тој не е ограничен само на земјите со муслиманско мнозинско население во Западен Балкан.[9] Напротив, овој систем е користен и од страна на останатото население.

Покрај тоа, системот исто така може да се поврзе со други домашни банкарски услуги, вклучително и со брз трансфер на пари. Во 2019 година, Јавното обвинителство

---

[7] Зборот хавала потекнува од арапски: : حوالة ḥawāla, што значи трансфер, а може да се да се преведе и како доверба

[8] Непознат автор, Системот Хавала, негово користење и злоупотреба од трговците со опијати и криумчарите на мигранти, стр.22, преземано од https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/AOTP/2023_UNODC_AOTP_Hawala_Digital_MKD-whole_document.pdf

[9] Системот ХАВАЛА настанал во 8-ми век како заштита од кражба помеѓу арапските и муслиманските трговци по свилениот пат и при финансирањето на трговиите на поголема дистанца околу новите главни трговски центри во раниот средновековен период.

има покренато обвинителен акт против наш државјанин за користење на системот „Хавала“ за сторено кривично дело *криумчарење на мигранти* кое што е предвидено и казниво по член 418-б ст.3 во врска со став 4 и 2 во врска со член 22 од Кривичниот законик[10].

**Правна регулатива на Република Северна Македонија за спречување на перењето пари**

Борбата против транснационалниот организиран криминал во нашата држава е тема на дискусија години наназад. Сепак, тоа не значи ниту крај на криминалот и корупцијата, а ниту пак пад на бројот на криминалци. И покрај бројните одредби кои се однесуваат на последиците од сторените кривични дела, сторителите на застануваат. Правната рамка на РС Македонија во голема мера е усогласена со законодавството на Европската Унија.

Важни институции кои ги имаме за борбата против перењето пари се: Одделот за сериозен и организиран криминал во склоп на Министерството за внатрешни работи и Канцеларијата на Јавниот обвинител за гонење на организиран криминал и корупција, во склоп на Канцеларијата на Јавниот обвинител. Земајќи предвид дека организираниот криминал во голема мера е поврзан со финансискиот криминал, Финансиската полиција која работи во рамки на Министерството за финансии како друг важен учесник, кој следи сомнителни финансиски трансакции преку легални финансиски канали. Царинската управа, Единицата за финансиски истраги во склоп на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи исто така имаат надлежности за справување со финансиски криминал и перење пари.

На крај, Агенцијата за управување со конфискуван/одземен имот е важна институција која треба да се справи со приходите и криминалот.

**Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам**

За прв пат, проблематиката за спречување на перење пари во Република Северна Македонија правно е регулирана со донесување на Законот за спречување на перење пари, донесен 2001 година, но со донесување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело од 2004 година претходниот Закон се става вон сила. Предноста на Законот од 2004 година е неговата усогласеност со Конвенцијата од Палермо[11], Виенската конвенција и Стразбуршката конвенција, потоа 40-те препораки на ФАТФ за спречување на перење пари и 9-те специјални препораки на ФАТФ за финансирање на тероризам. Целта и на стариот, но и на овој Закон е спречување на перењето пари на нелегален и незаконски начин, утврдување на мерки и дејствија за негово спречување, како и негова поефикасна контрола. По што, во 2008 година се донесува нов Закон, Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Потоа во сила стапува Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам донесен 2014 година[12], со мала измена во 2016 година. Денес во сила е Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[13] усвоен од страна на Собранието на РС Македонија на 71-

[10] Обвинителен акт против македонски државјанин и тројца Пакистанци за криумчарење мигранти, 03.02.2020, Види подетално на https://jorm.gov.mk/obvinitelen-akt-protiv-makedonski-drzhavjanin-i-trojcza-pakistanczi-za-kriumcharene-migranti/

[11] Член 1 од Оваа Конвенција ја претставува и целта за нејзиното постоење, односно унапредување на соработката меѓу земјите и поефикасна заштита, превенција и борба против транснационалниот организиран криминал

[12] Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам донесен 2014 година, објавен во Службен весник на Р Македонија бр.130 од 03.09.2014

[13] Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, усвоен од Собрание на РС Македонија на 71-вата седница на 27.06.2022 година, Службен весник на РС Македонија, бр. 151 од 4.7.2022

вата седница на 27.06.2022 година, објавен во Службен весник на РС Македонија, бр. 151 од 04.07.2022 година.

**Надлежни органи за борба против перењето пари**

**Министерството за внатрешни работи и Специјализирано одделение во полицијата**

Министерството за внатрешни работи е институција од јавен карактер која што е одговорна за „спречување и постапување по кривични дела и злоупотреби, откривање и приведување на сторителите и преземање на други мерки за судско гонење на сторителите на кривични дела" (Закон за внатрешни работи, Службен весник на РМ, бр.117/06, 6/09). (Кошевалиска О. М., 2018) Во склоп на Министерството постојат повеќе тела, бироа и организациски единици кои се одговорни за негово успешно функционирање. Во склоп на Министерството постои и Внатрешна контрола за професионални стандарди, која функционира како одвоена организациска единица иако е во склоп на Министерството, а нејзината задача се состои во оценување на законитоста за извршените и/или неизвршените задачи на вработените во Министерството[14].

Во 2009 година Министерството за внатрешни работи остварило комуникациска врска со Европол, со цел брзо доаѓање и размена на информација. (Кошевалиска О. М., 2018) Додека пак, една од најголемите придобивки која ја имаме од Европол е Оцената за закани од организиран криминал. Важно да се наспомене е и фактот дека Министерството за внатрешни работи на Република Македонија има склучено договор за партнерство со најголемата меѓународна полициска организација, ИНТЕРПОЛ.

Во склоп на Министерството за внатрешни работи се наоѓа Одделот за организиран криминал кој е одговорен за спречување на сторителите на организиран криминал, како и гонење на сторителите на кривични дела. Овој Оддел е во соработка со Одделот за гонење на сторителите на кривични дела и корупција, кој работи во склоп на Јавното обвинителство[15].

**Финансиска полиција**

Финансиската полиција е тело кое функционира во склоп на Министерството за финансии и според Законот за финансиска полиција[16] претставува тело на државната администрација кое што е одговорно за кривично гонење, но истата е вклучена и во некои посебни активности, како што е случајот со финансискиот криминал, и перењето пари, но и другите видови на криминални активности, меѓу кои и криумчарењето, избегнување царина, данок и слично. Со донесување на новиот Закон за финансиска полиција[17] во 2007 година, Финансиската полиција се преименува во Управа за финансиска полиција и станува правно лице во состав на Министерството за финансии.

**Обвинителство за организиран криминал и корупција**

Јавното обвинителство на територијата на РСМ е регулирано како единствен и самостоен орган, чија задача се состои во гонење на сторителите на кривични дела и врши и други работи утврдени со Закон. При вршење на своите задачи, Јавното обвинителство постапува согласно Уставот, Законот и останатите меѓународни договори ратификувани со Устав. Надлежноста, задачите, организацијата и

[14] Член 58 од Законот за внатрешни работи на Р. Македонија, Закон за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија, бр. 42/2014 и Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија, бр. 116/2014

[15] Член 3 од Законот за внатрешни работи на Република Македонија, Закон за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија бр. 42/2014 и Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.116/2014

[16] Закон за финансиска полиција, Службен весник на Република Македонија бр.55/02

[17] Закон за финансиска полиција, Службен весник на Република Македонија бр. 55/07, Управа за финансиска полиција

функционирањето на Јавниот обвинител се утврдени со Закон за Јавно обвинителство[18].

На територијата на РС Македонија, Јавното обвинителство е организирано како, Јавно обвинителство на РСМ кое е основано за целата територија на државата и постапува пред Врховниот суд, потоа постојат 4 виши јавни обвинителства кои постапуваат пред апелационите судови во: Скопје, Гостивар, Битола и Штип, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на територијата на РСМ со седиште во Скопје, како и 22 Основни јавни обвинителства кои постапуваат пред основните судови. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со Законот за јавно обвинителство од 2020 година доби поинаква поставеност, и во делот на неговата финансиска самостојност, така и во делот на решавање по предметите.[19] (Давитковски, 2020) За кривични дела од областа на перењето пари, како и другите облици на криминал, овластено е Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и тоа:

- За кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, за која е предвидена казна затвор од најмалку 4 години.
- За кривични дела поврзани со корупитвно однесување, како измама – член 249 а, перење пари – член 273 а, злоупотреба на службена положба и овластување – член 353ст.5, злосторничко здружување – член 394 од Кривичниот законик итн. (Кошевалиска О. М., 2018)

Надзор над законитото извршување на дадените задачи на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција врши Јавното обвинителство на РСМ, иако и понатаму тоа ја задржува својата самостојност.

**Заклучок**

Државите кои се дел од Западен Балкан испишуваат една мрачна историја во однос на „најмодерниот“ облик на организиран криминал – перењето пари. Сето ова се должи на напредната технологија, зголемен број лица кои се занимаваат со нелегални активности, од кои најголем број се деца (голем дел од нив се под 18 годишна возраст), како и учество и соработка на државните органи или надлежните за контролата на граничните премини.

Перењето пари претставува нов облик на организиран криминал. Целта на овој облик е нелегално стекнатите пари да се легализираат, без да постои и најмала сомнеж за нивното вистинско потекло. Лицата кои се занимаваат со ваков вид на криминал, најчесто се млади и неискусни, раководени од врвни криминалци кои постапуваат по нивни инструкции, а основниот мотив зошто тие ризикуваат и „запливуваат“ во овие води е лесниот начин на кој доаѓаат до пари. Во однос на полот и возраста, иако на прв поглед сме убедени дека вакви активности извршуваат само лица од машки пол, всушност и не е баш така. Голем е процентот и на лица од понежниот пол кои се занимаваат и заработуваат валкани пари. Најчесто тие се на возраст од 16 до 59 години.

И покрај тоа што, перењето пари претставува посебен облик на криминал, сепак тој е присутен во сите други појавни облици, како: трговија со дрога, трговија со оружје, криумчарење на мигранти, трговија со органи, бебе – мафија итн. Криминалците кои се занимаваат со еден или повеќе облици преку перењето пари всушност имаат за цел да не бидат ниту откриени, а ниту пак сомнителни во очите на останатите. На тој начин валканите пари ги вложуваат во бизнисот и ги претставуваат како добивка од истиот. Според едно неодамнешно истражување, најголем дел од нив, парите ги вложуваат во бизниси од типот на продавници, инвестирање во хотели или вили и потоа изнајмуваат апартмани.

[18] Закон за Јавно обвинителство, Службен весник бр. 42/2020

Секоја од државите во Западен Балкан се одликува со посебен облик кој по процент на кривични дела е најмногу застапен таму. Сепак, без оглед на видот и висината на кривичното дело, Албанија го зазема врвот по бројот на криминални активности и нелегални дејствија. Најголемиот хендикеп со кој се соочува Балканот во последните години е фактот што секојдневно се пронаоѓаат нови начини за легализирање на нелегално стекнатите средства. Но сепак, не може да биде занемарен и начинот на кој тоа го прават, дали навистина се толку вешти или пак, властите и надлежните соработуваат со нив?

**Користена литература**

Давитковски, Б., Лажетик, Г., Павловска-Данева, А., Илиќ-Димоски, Д., Битраков, К., Антикорупциско право

Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет;

Кемп, В. Амерхаусер, Р. Анализа на протоколот на луѓе, дрога и пари во Западен Балкан

Кошевалиска, О., Максимова, Е., (2018) Организиран криминал и корупција, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Николовски, Н., (2011) Безбедносни дијалози, бр.3, Филозофски факултет, Скопје;

Тоневски, Д., Перењето пари, нивното влијание врз националните економски перформанси и преземање на неопходните мерки од превенција, со посебен осврт на Република Македонија;

Директива 2005/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 26 октомври 2005 г. за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање тероризам;

Управа за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите;

**Закони**

Закон за спречување на перење на пари и финансирање тероризам, Службен В. на Р.М. бр:151/2022 од 04.07.2022

Закон за внатрешни работи, Службен В. на Р.М. бр:42/2014 од 03.03.2014, Измени Сл.В на Р.М.:116/2014; 33/2015; 33/2015; 96/2015; 5/2016; 120/2016; 127/2016; 142/2016; 190/2016; 21/2018; 135/2018; 108/2019; 275/2019; 110/2021; 89/2022;

Закон за финансиска полиција, Службен В. на Р.М. бр:12/2014 од 22.01.2014

Закон за јавно обвинителство, Службен В. на Р.М. бр:42/2020 од 16.02.2020

**Конвенција**

Конвенција против транснационален организиран криминал, Организација на Обединетите Нации, 2000 г.

**Линкови**

https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2019/05/Hotspots-Report-Macedonian-13Jun1110-Web.pdf

https://globalinitiative.net/

https://sherloc.unodc.org/cld/en/bibliography/2020/measuring_organized_crime_in_the_western_balkans.html
www.investopedia.com
https://jorm.gov.mk/obvinitelen-akt-protiv-makedonski-drzhavjanin-i-trojcza-pakistanczi-za-kriumcharene-migranti/
www.mvr.gov.mk